Арх. знак/Shenja arkivore ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes ______
______ 20 __ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
______

Outlook

## Fw: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

**From** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Date** Thu 9/25/2025 9:39 AM
**To** Daniela Simonovski <daniela.simonovski@dkz.mk>; Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedure Administrative.Procedure të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar | 25.09.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 1465/1 | | |

1 attachment (867 KB)

Барање - Државна комисија.pdf;

---

**From:** Institute for Human Rights <ihr@ihr.org.mk>
**Sent:** Thursday, September 25, 2025 9:15 AM
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>; Ilce Musarevski <ilce.musarevski@dkz.mk>
**Subject:** Re: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во прилог ви испраќаме барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со дополнителни прашања од оние кои беа испратени на 22 септември 2025 година.

Во очекување на ваш одговор!

Срдечен поздрав,
**Institute for Human Rights**
Bulevar Partizanski Odredi 23/1-5
1000 Skopje
tel. +389 2 3243 331
www.ihr.org.mk
**Facebook | Instagram | LinkedIn**

Институт за човекови права

Please consider the environment before printing this email.

On Mon, Sep 22, 2025 at 1:04 PM Institute for Human Rights <ihr@ihr.org.mk> wrote:

Почитувани,

Во прилог ви испраќаме барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во очекување на ваш одговор!

Срдечен поздрав,
**Institute for Human Rights**
Bulevar Partizanski Odredi 23/1-5
1000 Skopje
tel. +389 2 3243 331
www.ihr.org.mk
**Facebook | Instagram | LinkedIn**
Институт за човекови права

Please consider the environment before printing this email.

Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0302-24/12
**25.9.2025, Скопје**

**До**

**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот бараме одговор на следниве прашања:

1. Колкав е жалби кои се поднесени во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година, 2024 година против акти на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија во однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на семејна пензија и право на паричен надоместок за телесно оштетување?
2. Која е најчеста причина за поднесување на жалба против акти на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: повреда на процесното право, повреда на материјалното право, погрешно утврдена фактичка состојба и повеќе од наведените основи?
3. Колкав е бројот на уважени жалби во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година против акти на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на семејна пензија и право на паричен надоместок за телесно оштетување?
4. Колкав е бројот на одбиени жалби во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година против акти на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на семејна пензија и право на паричен надоместок за телесно оштетување?

Бул. Партизански Одреди бр. 23/1-5, 1000 Скопје
тел. (+389) 2 3243 331
http://www.ihr.org.mk/
ihr@ihr.org.mk
info@ihr.org.mk

5. Колкав е бројот на поднесени тужби против ваши решенија во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година?

6. Дали водите евиденција за постапување по одлуки од Управниот суд од страна на првостепениот орган?

7. Просечен број на денови да се реши еден предмет во втор степен, против акти на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување?

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

г) **електронски запис** ✓

д) друго

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта

б) телефон

в) факс

г) **е-маил** ✓

д) друго

Барател на информацијата: **Здружение на граѓани Институт за човекови права** Скопје, со адреса Бул. Партизански Одреди бр.23/1-5, тел. 02/3243-331, ihr@ihr.org.mk

Институт за човекови права

Претседателка

Маргарита Цаца Николовска

14.10 2025

Архивски број: 1005-1465/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски од Здружение на граѓани ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во самото Барање.

## Образложение

На ден 25.09.2025 година по електронски пат до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Здружение на граѓани Институт за човекови права.

Во самото барање е наведено дека подносителот на барањето ја бара следнава информација:

1. Колкав е жалби кои се поднесени во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година, 2024 година против акти на ФПИОСМ во однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: право на старосна пензија, право на инваидска пензија, право на професиоонална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на семејна пензија и право на паричен надомест за телесно оштетување?
2. Која е најчеста причина за поднесување на жалба против акти на ФПИОСМ во однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: повреда на процесното право, повреда на материјалното право, погрешно утврдена фактичка состојба и повеќе од наведенитеоснови?


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

3. Колкав е бројот на одбиени жалби во пеиродот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година против акти ФПИОСМ во однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување на РСМ во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на старосна пензија и право на паричен надомест за телесно оштетување?
4. Колкав е бројот на одбиени жалби во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година против акти на ФПИОСМ во однос на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право од семејна пензија и право на паричен надомест за телесно оштетување?
5. Колкав е бројот на поднесени тужби против ваши решенија во однос на остварувањето на право од пензиско и инвалидско осигурување во периодот за 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година?
6. Дали водите евиденција за постапување по одлуки од Управниот суд од страна на првостепениот орган?
7. Просечен број на денови да се реши еден предмет во втор степен, против акти на ФПИОСМ?

Притоа, формата во која се бара информацијата е електронски запис, а начинот на доставување е е-маил.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен Ве информира за следново:

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Во конкретниот случај, постапувајќи по барањето поднесено од страна на здружение Институт за човекови права, Државната комисија ќе ги достави информациите кои ги создала и со кои располага согласно своите надлежности, а кои се составен дел на Годишните извештаи за работа на комисијата. Годишните извештаи за работа на Државната комисија се достапни на веб страната на комисијата www.dkz.mk во делот документи/ слободен пристап.

1. Во однос на првото прашање, Државната комисија Ве известува дека жалбите кои се изјавуваат против акти на ФПИОСМ во однос на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и тоа за: право на старосна пензија, право на инваидска пензија, право на професиоонална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на семејна пензија и право на паричен надомест за телесно оштетување се заведуваат под организациона единица 1101 и комисијата располага со вкупен број на жалби изјавени против акти на ФПИОСМ. Податоците со кои располага Државната комисија Ви ги доставува во табелата подолу

| година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| број на жалби | 1019 | 913 | 1013 | 734 |

2. Во врска со второто прашања, најчеста пришина за поднесување на жалби против акти на ФПИОСМ е погрешна примена на материјалното право и погрешно утврдена фактичка состојба;

3. Во однос на третото прашање, Државната комисија располага и Ви ги доставува податоците кои се составен дел на табеларниот приказ и тоа:

| | право на инвалидска пензија | право на старосна пензија | Право на семејна пензија | Телесно оштетување |
|---|---|---|---|---|
| година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| број на уважени жалби | 244 | 182 | 271 | 154 |

4. Во однос на четврото прашање, Државната комисија располага и Ви ги доставува податоците кои се составен дел на табеларниот приказ и тоа:

| | право на инвалидска пензија | право на старосна пензија | Право на семејна пензија | Телесно оштетување |
|---|---|---|---|---|
| година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| број на одбиени жалби | 898 | 658 | 400 | 532 |

5. Во однос на петтото прашање, Државната комисија располага и Ви ги доставува податоците кои се составен дел на табеларниот приказ и тоа:

| | право на инвалидска пензија | право на старосна пензија | Право на семејна пензија | Телесно оштетување |
|---|---|---|---|---|
| година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| Број на поднесени тужби | 151 | 113 | 72 | 85 |

6. Во врска со шестото прашање, Ве известуваме дека Државната комисија нема законска надлежност да води евиденција за постапување на

првостепениот орган по одлуки на Управниот суд и поради тоа не располага спо бараната информација;

7. Во врска со седмото прашање, во Годишниот извештај за 2024 година, Државната комисија има констатирано дека за 135 предмети или 18,4% од вкупниот број на примени предмети се преземени дејствија за административно доуредување на списите со цел создавање на услови за донесување на одлука по примените жалби. Притоа, во Извештајот е констатирано дека ова во најголем дел е резултат на неажурното и нецелосното постапување на првостепените органи, во случајот филијалите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија. Ваквата состојба придонесува кон ненавремено и неефикасно остварување на правата на граѓаните, одолговлекување на постапките, создавање на трошоци во управната постапка и неекономично трошење на јавните средства.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

14.10 2025 година

**Архивски број:** 1005-1465/3

**До: Здружение на граѓани ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**
**Бул. „ Партизански одреди“ бр.23/1-5**
**Скопје**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија со кое комисијата постапи по поднесеното барање за пристап по информации од јавен карактер.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1465/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk